**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**
**ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ**

# ПРОГРАМА ЗА ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| Арх.број | 08-66/1 | Д-р Иринка Сотирова Бухова<br>Директор на<br>Државен санитарен и здравствен инспекторат |
| Датум: | 12-01-2021 | |
| Место: | Скопје (м.п.) | [потпис] |

Во согласност со член 43, став 5 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 102/2019), директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, донесува:

**Програма за испит за лиценца за инспектор – практичен дел за кандидатите за државни санитарни и здравствени инспектори**

**Вовед**

Практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор се полага врз основа на Програма за испит за лиценца – практичен дел за кандидатите за државни санитарни и здравствени инспектори и се носи во согласност со Програмата за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, согласно член 42 став 6 од Законот за инспекцискиот надзор (“Службен весник на РСМ” бр. 102/2019) и Правилник за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 238/2019).

**Модули и теми за испит за лиценца за инспектор-практичен дел**

Програмата за испит за лиценца-практичен дел, содржи модули за практичен дел од испит за лиценца за инспектор кои произлегуваат надлежностите и овлстувањата на Државниот санитарен и здравствен инспекторат утврдени во матрјалните закони, а во согласност со согласно работни задачи и обврски на кандидатот за инспектор избран преку постапка за вработување и кандидатот за инспектор вработен преку постапка за преземање на административен службеник.

***Законската регулатива*** опфатена во Програмата за испит за лиценца за инспектор за државен санитарен и здравствен инспектор е поделена во следните 20 модули:

**Модул 1 - Закон за здравствена заштита**
**Модул 2 - Закон за заштита на населението од заразните болести**
**Модул 3 - Закон за евиденциите во областа на здравството**
**Модул 4 - Закон за заштита на правата на пациентите**
**Модул 5 - Закон за менталното здравје**
**Модул 6 - Закон за јавно здравје**
**Модул 7 - Закон за заштита од пушењето**
**Модул 8 - Закон за управување со отпад**
**Модул 9 - Закон за безбедност во снабдување со крв**
**Модул 10 - Закон за прекинување на бременоста**
**Модул 11 - Закон за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување**
**Модул 12 - Закон за безбедност на козметичките производи**
**Модул 13 - Закон за здравственото осигурување**
**Модул 14 - Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување**
**Модул 15 - Закон за гробишта и погребални услуги**
**Модул 16 - Закон за медицински студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина**
**Модул 17 - Закон за безбедност и здравје при работа**
**Модул 18 - Закон за безбедност на производите**

**Модул 19 - Закон за нерегистрирана дејност**
**Модул 20 - Закон за санитарната и здравствената инспекција**

Сите модули се состојат од по три теми и тоа:
Тема 1 – Општи и посебни одредби во областа
Тема 2 –Права, обврски и овластувања на инспекторите
Тема 3 – Прекршочни одредби и
Тема 4 - Подзаконски акти доколку се донесени по предметниот закон од модулот

Програма за испит за лиценца – практичен дел, базата на прашања за испитот, како и релевантната литература потребна за подготовка на кандидатот за инспектор за полагање на испитот за лиценца-практичен дел, согласно член 43 став 6 од ЗИН се јавно достапни на веб странатата на Инспекцискиот советот, а ќе бидат објавени и на веб страната на Државниот санитарен и здравтен инспекторат.

**Цел**
Цел на практичниот дел од испитот е да се изврши проверка на оспособеноста на кандидатот за инспектор за самостојно вршење на работите поврзани со инспекцискиот надзор, во областите за кои се обучувал за време на практичната работа и обуката на работното место.

**Организација**
Практичниот испит се организира и спроведува од страна на Државниот санитарен и здравствен испекторат преку Комисија за полагање на практичен испит формирана од Директорот на Инспекторатот, во кој учествуваат:
- менторот на кандидатот за инспектор,
-двајца инспектори од инспекциската служба, од кои најмалку еден од раководните инспектори и
- членот на Советот за соодветната област.

**Рокови - временска рамка**
Практичниот испит се полага најрано до 15 дена пред истекот, а најдоцна до истекот на рокот за практичната работа и обука на кандидатот за инспектор.
Менторот на кандидатот за инспектор, најдоцна до 45 дена пред истекот на практичната работа и обука на работното место, писмено го известува Директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат за потребата од организирање и спроведување на практичен испит.
Врз основа на писменото известување, Директорот на Државниот на Инспекторатот ги определува времето и местото за полагање и формира Комисија за полагање на практичен дел на испитот и најдоцна 30 дена пред терминот за одржување на испитот, писмено го известува кандидатот за инспектор и Комисијата за полагање на практичниот дел од испит.

**Спроведување на практичниот дел од испит**
Практичниот испит се состои од самостојно спроведување на симулиран инспекциски надзор, со коефициент на сложеност соодветен на нивото на кандидатот за инспектор.
Вкупниот збир на бодови за практичниот испит изнесува 90, и тоа:

- планирање и подготовка за инспекциски надзор – 15 бодови,
- спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови,
- затворање на инспекциски надзор – 30 бодови.
- документирање на инспекциски надзор – 15 бодови.

Испитот се смета за положен, доколку кандидатот за инспектор освои најмалку две третини од вкупниот збир на бодови, односно најмалку 60 бодови, при што е потребно да има освоено најмалку половина од бодовите за секоја фаза од бодирањето.
Комисијта составува чек листа за извршеното бодирање и истата е составен дел на записникот.

Резултатот, односно бројот на освоени бодови, како и исходот од полагањето на испитот положен/неположен, е достапен за кандидатот најдоцна три дена по завршувањето наиспитот.
Времетраењето за полагање на практичниот дел од испитот изнесува максимум шест часа, при што поединечното времетраење на секоја од наброените фази не може да изнесува повеќе од 90 минути.

За спроведениот практичен испит, од страна на Комисијата се составува Записник кој ги содржи следните податоци: датум, време и место на одржување на испитот, состав на Комисијата, податоци за кандидатот за инспектор кои го полагал испитот или листа кандидати доколку истовремено полагале повеќе кандидати со освоените бодови и печат на инспекциската служба.
Записникот се објавува на интернет страната на Инспекцикиот совет како и на веб старанатa на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

**Начин на финансирање**

Материјалните услови и финансиски средства кои се потребни за реализација на практичниот дел од Програмата за испитот за добивање на лиценца за државен санитарен и здравствен инспектор, ги обезбедува Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

**Завршни одредби**

Ова програма стапува во сила со денот на нејзиното донесување.